| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Приказни за домашни животни |
| **Содржина на денот** | Домашно милениче |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Марија Галевска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор како да одржуваме физичко растојание дома и во градинка.<br>Најдобро е да одржуваме растојание и кога играме.<br>Усвојување на нови навики на безбедно поздравување на растојание со другарчињата. |
| **Активности** | Разговарајте со детето за домашните миленичиња. Запознајте ги преку слики или сликовница со домашни миленичиња -маче и куче.<br>Разгледувајте ги сликите и разговарајте со детето за нивните карактеристики,живеалиште, со што се хранат и кој се грижи за нив.<br>Предложете му на детето самостојно да ги именува и опишува .Разговарајте и за користа од домашните миленичиња.<br>Земете бел лист хартија и нацртајте контура на домашно милениче „Маче“. Понудете му восочни боици или фломастери. Додека детето бои водете разговор за боите на миленичето.<br>Предложете му да се прошетате во блиската околина и да подготвите храна за домашните миленичиња кои живеаат во околината на домот.<br>Кај детето се создава навика за грижа за домашните миленичиња. |